**Z A J E D N I C A   M A K E D O N A C A   U   R E P U B L I C I   H R V A T S K O J**
**З А Е Д Н И Ц А   Н А   М А К Е Д О Н Ц И Т Е   В О   Р Е П У Б Л И К А   Х Р В А Т С К А**
**A S S O C I A T I O N   O F   M A C E D O N I A N S   I N   R E P U B L I C   O F   C R O A T I A**
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 143 – 1/2006
Загреб, 07. 10. 2006.

# З А П И С Н И К

од **9. проширена седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **07.10.2006. година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** С. Сагадин – Пула – претседателка на Заедницата, А. Митревски (со писмено овластување како замена на претседателот В. Апостолски – прилог) – Сплит, Б. Штерјов – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека, в.д. Татјана Проданов – Пула и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** Огнен Бојаџиски – РО на „М. глас„ – Загреб.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Апостоловска – гл. уредничка на „М. глас", М. Паризоски – РО на „М. глас“ – Загреб, В. Настески – дописник на „М. глас“ – Риека и Кирил Стоилов – Сплит.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, таа ги поздрави сите присутни со кратко излагање на настанатата проблематика во врска со новиот в.д. прет. на Пула и двата предложени дн. реда за оваа седница. Поради моменталниот парен број на членовите на УО (осум), по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука за оваа седница** прет. С. Сагадин да биде без право на глас, додека таа проблематика не се разреши на редовното Собрание на Заедницата, а потоа, по расправата за двата предложени дн. реда, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа** единствен дн. ред, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. **Усвојување на записникот од 8-тата. седница;**
2. **Информатор за работата и активностите на Заедницата и друштвата од претходната (8.) седница до денес – друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 7. копии (една останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, една се доставува до Амбасадата на РМ во РХ, а останатите 5 копии друштвата меѓусебно ги разменуваат);**
3. **а) Непочитување на потпретседателот на Заедницата Н. Гроздановски на законските и статутарните норми за трансфер на средствата на друштвата и дискриминација за настап на друштвата во „В. Лисински„;**
   **б) Разгледување на новонастанатата состојба во Заедницата по поднесувањето на неотповиклива оставка поради болест на г-ѓа Славица Сагадин на функцијата претседателка на УО на МКД „Кочо Рацин„ – Пула, а сегашна претседателка на**

Заедницата на Македонците во РХ и други нејзини постапки врзани за угледот и достоинството на Заедницата према прилозите и донесување на одлуки по тие прашања;

4. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2006. godine“;
5. Разгледување на реализацијата на програмите до крајот на оваа година и усвојување на донесените одлуки;
6. Договор за План и програма на работа за 2007. година и усвојување на донесените одлуки;
7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 8. седница на УО на Заедницата, со напомена од страна на А. Митревски дека на друштвото од Сплит не се исплатени уште 5.000,00 кн. од Заедницата према донесената одлука на УО на претходната седница.

**Ад. 2.** На оваа седница обавезниот Информатор беше припремен и предаден само од страна на друштвата од Сплит и Осиек и од Заедницата (прилог). Поради тоа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Од идната седница, Информаторот обавезно да се припрема и предава на самата седница во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ);
- Останатите 5. копии на Информаторот друштвата меѓусебно директно да си ги проследат пред предметната седница, за да може да се води расправа за истите на самата седница.

Во врска со активностите на друштвата, И. Христодулов ги информира присутните за одржаниот симпозиум во Риека на тема хр.-мк. културни книжевни врски, како средба на два Универзитети, Филозофскиот факултет „Кирил и Методи„ од Скопје и Универзитетот од Риека како домаќин на средбата, и за Монографијата на МКД „Илинден„ која излезе од печат во јули. Тој им подари на друштвата и на Заедницата по еден примерок од книгата и апелира до сите на помош во откуп на истата. Потоа Б. Штерјов рече дека МКД „Охридски бисер„ е повикан од Центарот за култура Трешњевка да се претстави со своја програма на Светскиот ден на младите на 11. ноември, а ги информира присутните и дека започна со работа пеачката секција, дека се одржуваат проби и вежби во просториите на Заедницата и дека се спремаат „Деновите на мак. култура во Загреб„. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Во најкраток рок да се направи примопредаја на клучот од влезната врата од просториите во Масарикова 16/1 помеѓу секретарката на Заедницата и претседателот на МКД „Охридски бисер„ за тие да можат самостално да ги користат просториите за одржување на проби на секциите;
- Да се склучи Договор помеѓу Заедницата и МКД „Охридски бисер„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа од 01.01.2007. година;
- Износот на горенаведениот Договор ќе се одреди накнадно, зависно од обемот на користењето на просториите;
- Се задолжуваат Илија Христодулов и Ангел Митревски да превземат мерки и да му помогнат на МКД „Биљана„ од Задар во добивањето на простории за работа во нивниот град бидејќи друштвото сеуште нема свои простории.

**Ад. 3.** По оваа точка се водеше долга расправа во која прет. С. Сагадин и потпрет. Никола Гроздановски ги изнесоа своите излагања за новонастанатата сложената ситуација која се случуваше во изминатиот период во Заедницата, а поткрепени врз основа на добиените материјали до УО. Бидејќи прет. С. Сагадин даде неотповиклива оставка на

функцијата прет. на МКД „Кочо Рацин„ од Пула, се потегна расправа за извршување за нејзината функција и како прет. на Заедницата. Поради конфузната ситуацијата, незадоволството и отсутноста на добра соработка, како и поради пропустите кои се направени од страна на прет., а за понатамошно континуирано функционирање на Заедницата, по опсежната расправа, членовите на УО и искажаа недоверба на претс. како главно и одговорно лице за водење на Заедницата поради неисполнување на нејзините должности и обврски и со јавно гласање **со 4 (четири) гласови за, 1 (еден) глас против и 2 (два) воздржана гласа ја донесоа следната одлука**:

- Г-ѓа Славица Сагадин се **суспендира** од функцијата претседателка на Заедницата со денот на донесувањето на оваа одлука, а со тоа и се одзема правото на понатамошно застапување на Заедницата, правото на донесување на понатамошни одлуки за Заедницата и правото на понатамошното супотпишување на финансиското работење на Заедницата;

Потоа врзано за горенаведената одлука, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- До одржувањето на вонредното Собрание се задолжува потпрет. Н. Гроздановски да ги извршува должностите и обврските како претседател на Заедницата – В. Д.;
- Во најкраток можен законски и статутарен рок, потпретс. Никола Гроздановски се задолжува да припреми и закаже вонредно Собрание на Заедницата со дневен ред: 1. Предлог на УО на Заедницата за изгласување недоверба и сменување на прет. на Заедницата Славица Сагадин и избор на нов претседател на Заедницата;
- Во случај да Советот за нац. малцинства на РХ не ја помогне Заедницата со додатни средства за одржување на вонредното Собрание (потпр. Н. Гроздановски се задолжува за контакт со Советот), патните трошоци и дневниците на делегатите паѓаат на терет на реализација на самите друштва по нивни договор, а останатите трошоци (фотокопирање, поштарина, цветен аранжман) се подмируваат од Заедницата (без закуска);
- Пред одржувањето на вонредното Собрание да се спроведе инвентура на имовинската состојба на Заедницата (УО на МКД „Охридски бисер„ се задолжува да ги именува членовите на инвентурната комисија) и да се изврши контрола на финансиското работење на Заедницата од страна на членовите на НО на Заедницата, кои се должни да припремат Записник за Собранието;
- Трансферот на средствата за МКД „Кочо Рацин„ од Пула и понатака континуирано да се извршува од страна на Заедницата;

**Ад. 4.** Секретарката Е. Петровска ги извести присутните за моменталната алармантна финансиска состојба на Заедницата со предвидените трошоци до крајот на оваа година и врз основа на изнесеното кажа дека средствата се недоволни за да се заврши солвентно годината, па ги замоли присутните на крајна економичност со нивното располагање. Исто така апелираше на изнаоѓање на модус кој таа криза позитивно ќе ја реши. За ова беше даден предлог од членовите УО и оваа година до Советот за нац. малцинства на РХ да се прати допис за пренамена на потрошените средства за остварувањето на програмите. Потоа се дискутираше за Извештајот на Заедницата за третото тромесечје (прилог) и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**.

**Ад. 5.** По оваа точка, се водеше дискусија за култ. манифестации кои треба да се реализираат до крајот на оваа година. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- За култ. маниф. „Културно аматерско творештво на нац. малцинства во РХ„ во В. Лисински се задолжува Ј. Цветичанин да ги контактира и координира друштвата кои ќе настапуваат оваа година;
- За култ. маниф. „Одбележување на денот на издавањето на збирката на Кочо Рацин во Самобор„ се задолжуваат Н. Гроздановски и Б. Штерјов да контактираат со

поглаварството на град Самобор и да ја организираат во ист ден со вонредното Собрание поради заштеда на средствата.

**Ад. 6.** За финансирање на програмите за 2007. година, секретарката Е. Петровска рече дека од Советот сеуште не се пристигнати материјалите и формуларите, но дека веќе треба да почне да се работи на нив. Се даде предлог за 2007. година да се бараат повеќе средства за сите програми. Ј. Цветичанин го пренесе ставот од УО од Осиек дека доколку се продолжи проблематичната ситуација во Заедницата, тие маниф. „Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково ќе ја организираат само на ниво на своето друштво, а можеби и ќе го исклучат своето членство од Заедницата. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- За **информирање** на ниво на Заедница да се бараат средства за „Македонски глас„ за целото списание да оди во боја, а М. Апостоловска да се консултира со печатницата за висината на износот кој ќе се побарува;
- За **издаваштво** како и за **културни манифестации** на ниво на Заедница, сите друштва во рок од 7 (седум) дена да пратат до Заедницата предлози кои ќе се презентираат до Советот.

**Ад. 7.** Под точката разно се расправаше за неколку теми, а беа и изнесени неколку информации. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Во следниот број (47.) на „Македонски глас„ да се објави информација за одлуката на УО на Заедницата од оваа седница за изгласаната недоверба на претс. С. Сагадин како и за свикувањето на вонредно Собрание на Заедницата;
- Се менува одлуката од минатата седница на УО на Заедницата и се прифаќа подмирување на патните трошоци (без дневници) за учеството на М. Паризоски на „2. Отворен Хрватски куп за новинари во варење на брудет„ кој се одржа од 21-23.04.2006. година во Опатија и Матуљи;
- Се именува Владо Чукмак како лице задолжено за компјутерска обработка на „Македонски глас„ на местото на Сашко Дисоски кој даде оставка поради приватни причини;
- Мирјана Мајиќ останува и понатака дописник од Задар за „Македонски глас„;
- На Мирјана Мајиќ да и се исплати хонорарот во висина од 100, 00 кн. кој не и беше исплатен за број 46. на „Македонски глас„ а кој и беше во замена исплатен на М. Апостоловска и тоа да се направи со исплатата на хонорарот за број 47. (**со еден глас против**);
- На Владо Настески да му се исплатат патни трошоци и дневница за учеството на оваа седница, а како замена за О. Бојациски кој го оправда своето отсуство;
- Се даруваат 10 примероци на книгата „Poveznice makedonsko-hrvatske“ на авторот Г. Калоѓера.

На крајот Ј. Цветичанин се заблагодари на донацијата на МКД „Македонија„ од Сплит за малата Санела на која и се угради пужница за подобрување на слухот и рече дека таа жиро сметка за донации е затворена.

Седницата заврши во **17.10** часот.

Записничарка: Потпретседател на Заедницата:

Елизабета Петровска, секретарка на Заедницата

Никола Гроздановски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ